

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА – 2024




МИСЛЕЊА НА FRA




**Годината 2023 донесе напредок, но и назадување во однос на заштитата на основните права. Извештајот за основните права за 2024 на FRA година ги разгледува случувањата во областа, идентификувајќи ги достигнувањата и останатите области на загриженост. Оваа публикација ги презентира мислењата на FRA за главните случувања во опфатените тематски области, како и резиме на доказите што ги поддржуваат овие мислења. Покрај тоа, обезбедува компактен, но информативен преглед на главните предизвици на основните права со кои се соочува ЕУ и нејзините земји-членки.**

**1**
Вовед

**3**
Влијанието на кризата со трошоците за живот и зголемената сиромаштија во ЕУ

**6**
Осврт на законите За демократијата и граѓанскиот простор: промовирање учество и заштита на слободите на здружување, мирно собирање и изразување

**8**
Миграција: загриженост за основните права на границите на еу

**11**
Спроведување и употреба на повелбата на национално ниво

Ракописот е завршен во април 2024 година.

Ниту Агенцијата за основни права на Европската унија ниту кое било лице кое дејствува во име на Агенцијата за основни права на Европската унија не сноси одговорност за користењето на следниве информации.

Луксембург: Канцеларија за публикации на Европската унија, 2024 година

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Print | ISBN 978-92-9489-379-6 | ISSN 2600-3392 | doi:10.2811/80135 | TK-AM-24-001-MK-C |
| PDF | ISBN 978-92-9489-310-9 | ISSN 2600-3406 | doi:10.2811/390345 | TK-AM-24-001-MK-N |

© Агенција за основни права на Европската унија, 2024 година

Репродукција е дозволена доколку се наведе изворот.

За каква било употреба или репродукција на фотографии или друг материјал што не спаѓаат под авторското право на Агенцијата за основни права на Европската унија, дозвола мора да се бара директно од носителите на авторското право.

Автори на фотографии:
Корица: © Tamas Molnar/FRA; Pingpao/Adobe Stock; Ink drop/Adobe Stock
Страница 3: © Pingpao/AdobeStock
Страница 4: © Jiri Hera/AdobeStock
Страница 6: © Markus/AdobeStock
Страница 7: © Ink drop/AdobeStock
Страница 8: © Sarah Sighnolfi/FRA
Страница 9: © Tamas Molnar/FRA
Страница 12: © Artjazz/AdobeStock и © New Africa/AdobeStock

# ВОВЕД

Ова е собран материјал од мислењата на Агенција за основни права на Европската унија (FRA) и го придружува *Fundamental Rights Report 2024* (Извештајот за основни права 2024). Истиот претставува краток преглед на клучните наоди во тематските области опфатени во извештајот, поддржувајќи ги мислењата на FRA. Станува збор за навремени и практични дејствија засновани на докази за разгледување од телата на Европска унија (ЕУ) и националните влади.

Овогодинешниот *Fundamental Rights Report 2024* (Извештај за основни права 2024) ги истражува темите поврзани со кризата со трошоците за живот, демократијата и основните слободи и загрижувачката состојба со основните права на надворешните граници на ЕУ. Тој претставува навремен преглед на најитните закани по основните права во Европа. Исто така, ја истражува примената и спроведувањето на Повелбата за основните права на ЕУ.

Иако извештајот се фокусира само на овие клучни прашања, 2023 година беше година на повеќекратни закани по основните права и слободи. Заканите по демократските вредности и граѓанскиот простор, како и омразата и дезинформациите на интернет претставуваат сериозни предизвици за основните права. Исто предизвик претставува и порастот на расизмот и поврзаната нетолеранција. Во исто време, Европа се соочува со зголемена сиромаштија во услови на криза со трошоците за живот и продолжува да се бори со поларизирачкото прашање на миграцијата. Неопходната акција за климатските промени ризикува да ги зајакне постојните форми на социјална и економска маргинализација. Наспроти оваа позадина, овој извештај претставува концизен преглед на клучните тематски прашања и сугерира како да се одговори на предизвиците по основните права.

Мислењата на FRA содржани во овој извештај имаат за цел да ги информираат креаторите на политики и законодавците со наведување на активности за ЕУ и земјите-членки. Земени заедно со целосниот извештај, FRA ги поставува патиштата напред за поинклузивна Европа, заснована на заштита и промоција на основните права.

# 1

# ВЛИЈАНИЕТО НА КРИЗАТА СО ТРОШОЦИТЕ ЗА ЖИВОТ И ЗГОЛЕМЕНАТА СИРОМАШТИЈА ВО ЕУ




***Кризата со трошоците за живот ги погоди сите земји-членки. Тоа во голема мера е поттикнато од економските последици од пандемијата КОВИД-19 и зголемените цени на енергијата поради руската воена агресија против Украина.***

***Во 2022 година, 95,3 милиони луѓе во ЕУ беа изложени на ризик од сиромаштија или социјална исклученост. Ова е еквивалентно на 21,6% од населението на ЕУ. По зголемувањето во 2020 и 2021 година, бројката остана стабилна во 2022 година во споредба со 2019 година. Но, сиромаштијата и социјалната исклученост се зголемија кај децата, што влијае на 24,7%. Овој удел претставуваше околу 20 милиони деца во 2022 година, речиси 1 милион повеќе отколку во 2019 година.***

***Оваа криза имаше влијание врз основните права гарантирани со Повелбата за основните права на Европската унија и со Европската социјална повелба на Советот на Европа. Во 2022 и 2023 година, ЕУ и земјите-членки усвоија мерки за справување со зголемените цени и станбените прашања, како и за справување со енергетската сиромаштија. Истите, во просек, ги ублажија негативните влијанија врз сиромаштијата и социјалната исклученост кај населението на ЕУ. Но, таквите мерки честопати беа привремени и не секогаш допираа до најранливите. Затоа, останува внимателно да се следат долгорочните влијанија на инфлацијата.***

Неколку студии ги нагласија негативните влијанија врз основните права кои произлегуваат од кризата со трошоците за живот - предизвикана од пандемијата КОВИД-19 и руската воена агресија против Украина. Инфлацијата, а особено растечките цени, ги загрозуваат основните права и принципи гарантирани со правото на ЕУ. Истите ги вклучуваат правата на човечко достоинство и родова еднаквост, на недискриминација, на почитување на приватниот и семејниот живот, на помош за домување и на социјална сигурност и помош за пристап до услуги од општ економски интерес, како и правата на лицата кои припаѓаат на групи со поголем ризик од сиромаштија.

Кризата со трошоците за живот продолжува да влијае на различни групи на различни начини и до различен степен. Ризиците и влијанијата не се подеднакво на товар на општествата. Оние кои се веќе ранливи или дискриминирани се изложени на поголем ризик од сиромаштија.

Децата, жените, младите, расните и етничките малцинства, постарите лица, лезбијките, хомосексуалците, бисексуалците, трансродовите, интерсексуалните и квир лицата (ЛГБТИК), Ромите и луѓето со попреченост се изложени на најголем ризик да доживеат сиромаштија и закани за нивните основни права. На пример, ризикот од сиромаштија или социјална исклученост кај децата е значително зголемен, со околу 1 милион повеќе изложени на ризик од 2019 година.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 1.1

При планирањето и спроведувањето на политиките и правните одговори на кризата со трошоците за живот, ЕУ и земјите-членки треба да имаат предвид дека влијанието на оваа криза не се сноси подеднакво. Тие, исто така, треба да осигурат дека одговорите придонесуваат за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост.

Со цел да се направи тоа ефективно, таквата политика и правни мерки треба да се засноваат на докази користејќи екс анте проценки за основните права. Овие треба да се извлечат од силни и веродостојни податоци, доволно поделени за да се утврди нивното потенцијално влијание врз основните права на потенцијално ранливите лица како што се жените, децата и младите, етничките малцинства, постарите луѓе, ЛГБТИК луѓе, Роми и лица со попреченост.

ЕУ и нејзините земји-членки спроведоа различни законодавни и политички мерки за справување со зголемените цени и кризата со трошоците за живот. Тие вклучуваат даночни мерки, ограничувања на цените и директни бенефиции за да се обезбеди правото на социјална сигурност, правото на социјална помош и пристап до основните добра и услуги како што се енергија, домување и храна.

Сепак, темелните проценки не идентификуваа никакви реални влијанија од кризата со трошоците за живот врз основните права заштитени со Повелбата. Дополнително, ограничени се споредливите податоци на земјата за реалните потреби и мерки и нивното влијание врз правата на ранливите групи. Поделбата на релевантните податоци често е ограничена на возраста, полот и статусот на приход, без достапни поделени податоци за други групи во ранливи ситуации, како што се луѓе со различно етничко потекло, ЛГБТИК луѓе, Роми и лица со попреченост.

Ефективноста и исплатливоста на мерките усвоени за луѓето во ранливи ситуации, вклучувајќи го и влијанието врз уживањето на основните права, остануваат во голема мера непознати. Првичните истражувања покажуваат дека постојат значителни недостатоци во спроведувањето. Мерките што се спроведени се привремени и нетаргетирани и не допреа до ранливи домаќинства. Сето ова резултираше со оставање зад себе на некои од најранливите групи.



Кризата со трошоците за живот предизвика зголемување на енергетската сиромаштија, несразмерно влијаејќи на оние кои веќе се изложени на ризик од сиромаштија и социјална исклученост. Обесправените групи – како што се Ромите, имигрантите и потомците на имигрантите, етничките малцинства, луѓето со ниски приходи и бездомниците – а особено жените во тие групи поверојатно е да наидат на тешкотии во однос на енергијата и транспортот отколку општата популација.

Советот на Европската унија ги повикува земјите-членки да ги зајакнат своите одговори на високата инфлација и високите трошоци за енергија. Европската комисија воспостави сет на добри практики за структурни подобрувања што земјите-членки можат да ги направат за да се справат со основните причини за енергетската сиромаштија.

ЕУ е посветена на справување со енергетската сиромаштија и обезбедување фер и праведна транзиција во Европа, како дел од Европскиот зелен договор. Решавањето на енергетската сиромаштија има приоритет во ревидираната директива за енергетска ефикасност (Директива (ЕУ) 2023/1791), која ги утврдува барањата на енергетската политика за постигнување на климатските цели на ЕУ за справување и следење на енергетската сиромаштија. Оценката на Европската комисија за националните енергетски и климатски планови за спроведување на Европскиот зелен договор покажува дека земјите-членки имаат усвоено неколку мерки во однос на енергетската сиромаштија. Но, овие мерки немаат јасни цели, методи за проценка на ранливоста и силна рамка за зајакнување на потрошувачите.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 1.2

Европската комисија треба да размисли за вклучување на соодветни хоризонтални или тематски овозможувачки услови во следниот програмски период на Европските структурни и инвестициски фондови кои ќе помогнат во справувањето со енергетската сиромаштија.

Земјите-членки на ЕУ треба да се погрижат политичките и правните мерки во врска со климатските цели и енергетската сиромаштија да го земат предвид основното право на социјална и станбена помош, со цел да се обезбеди пристојна егзистенција за сите оние на кои им недостасуваат доволно ресурси. Ова би било во согласност со правилата утврдени со правото на Заедницата и националните закони и практиките за борба против социјалната исклученост и сиромаштијата.

При развивање на ревидирани национални планови за клима и енергија, земјите-членки се поканети да ги земат предвид релевантните препораки на Комисијата. Ова е со цел да се почитува одржувањето на централното, трансформативно ветување од Агендата 2030 за одржлив развој и нејзините Цели за одржлив развој (ЦОР) да „не се остава никој зад себе.“

# 2

# ОСВРТ НА ЗАКАНИТЕ ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА И ГРАЃАНСКИОТ ПРОСТОР: ПРОМОВИРАЊЕ УЧЕСТВО И ЗАШТИТА НА СЛОБОДИТЕ НА ЗДРУЖУВАЊЕ, МИРНО СОБИРАЊЕ И ИЗРАЗУВАЊЕ

***Значително учество на поединците и граѓанското општество во јавните работи е клучна алатка за да се обезбеди целосно спроведување на основните права. Тоа осигурува дека се земаат предвид правата на сите при изготвување закони и политики. Сепак, доказите покажуваат дека често има премалку време или можност за значајни коментари или ангажирање при носењето законодавство. Ова е особено случај кога се користат забрзани процедури или кога сметките покриваат повеќе прашања. Европската комисија издаде нова препорака за решавање на недостатоците во процедурите за национално учество и консултации.***

***Нападите од трети страни и прекумерното мешање на државата – особено против правата на слобода на здружување, мирно собирање и изразување – продолжуваат да го загрозуваат просторот за граѓанското општество. Ова вклучува стратешки тужби насочени кон медиумите и граѓанските организации (ГО), како и ограничувања предложени или наметнати врз слободата на мирно собирање. Европската комисија дејствуваше со предлагање ЕУ законодавство за тужби со цел да се заплашат и да се исцрпат ресурсите на ГО и медиумите. Понатаму, Комисијата предложи законодавство и за слободата на медиумите и за олеснување на прекуграничното работење на организациите.***

Значително учество на актерите за човекови права и на општата популација во јавните работи на национално ниво бара соодветни канали и процедури за да се осигури дека согледувањата за човековите права ефикасно допираат до креаторите на закони и политики. Олеснувањето на учеството во јавните работи е услов за човекови права како што покажува членот 25 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права. Таквото учество е релевантно не само кога земјите-членки донесуваат закони самостојно, туку и кога нивното законодавство и креирање политики спаѓаат во опсегот на правото на ЕУ - на пример кога се транспонира директива на ЕУ.



Кога учеството се спроведува правилно, тоа им овозможува на независните тела за човекови права и ГО со релевантна експертиза за основните права суштински да придонесат и да коментираат при донесувањето закони. На овој начин, тоа исто така обезбедува клучна алатка за да се осигура дека земјите-членки не ја прекршуваат Повелбата при спроведувањето на правото на ЕУ. Но, собраните докази сугерираат дека земјите-членки не секогаш имаат соодветни правила за учество на јавноста. Дури и кога имаат, тие понекогаш се применуваат на нетранспарентен начин, ограничени по обем или претерано скратена постапка со цел да се забрзаат процесите на креирање закони или политики.

Ова носи значителни ризици, бидејќи намалената контрола на законите или политиките може да резултира со недостаток на соодветно разгледување на влијанијата од основните права. Тоа на крајот може да го компромитира квалитетот на националното законодавство и креирањето политики. Кога ГО со експертиза за основни права не се доволно консултирани, постои поголема шанса дека креирањето закони и политики нема соодветно да ги вклучи основните права. Тоа исто така значи дека нема ефективно да се применуваат правата и принципите утврдени во членот 51 од Повелбата.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 2.1

Со цел да се обезбеди доволна контрола на основни права на законодавството и политиките во рамките на правото на ЕУ, земјите-членки треба да го преиспитаат своето законодавство за да се осигураат дека правилата за учество на јавноста се јасни и доволно широки. Тие треба да им овозможат на ГО со експертиза за основни права и бранителите на човекови права да ги доставaт своите ставови.

Националните закони и креаторите на политиките треба да ги применуваат овие правила на доследен и транспарентен начин. Тие треба широко да објавуваат и промовираат учество во јавни консултации, интегрирајќи ја родовата перспектива и обрнувајќи особено внимание на давањето поддршка и вклучување на луѓето во ранливи ситуации, како што се ЛГБТИК лицата, лицата со попреченост и припадниците на етничките, расните и верските малцинства, како и како ГО со експертиза за основни права.

Земјите-членки на ЕУ треба да оставaт доволно време граѓанското општество да одговори на законодавните и политичките иницијативи на значаен начин. Тие треба да осигурат дека оние кои учествувале во консултациите се информирани за исходот.

Според Повелбата и меѓународното право за човекови права, од земјите-членки на ЕУ се бара да преземат позитивни мерки за да се осигураат дека постои динамичен граѓански простор, имено преку целосно спроведување на нивните обврски од слободите на здружување, мирно собирање и изразување. Тие, исто така, треба да осигурат ограничувањата на овие права да ги исполнуваат принципите на законитост, неопходност и пропорционалност. ГО, медиумските професионалци и медиумските организации пријавија сериозни вербални и физички закани и други репресивни мерки. Тие вклучуваат стратешки тужби против учество на јавноста и мерки за таен надзор.

На слободата на мирно собирање се поставени значителни ограничувања – вклучително и казнено-правни санкции, мерки за надзор, употреба на сила за растурање собири и претрес на домови. Ваквите мерки се применуваат на повеќе начини, вклучително и за време на протести за климата. Советот на Европа ги следи нападите врз новинарите. Постои и механизам кој ја покрива ситуацијата на бранителите на човековите права надвор од ЕУ. Сепак, во моментов не постои следење на граѓанскиот простор на ниво на ЕУ (вклучувајќи, но не ограничувајќи се на новинарите) внатре во самата ЕУ, што систематски би обезбедило база на докази за креирање политики.




## МИСЛЕЊЕ НА FRA 2.2

По повиците на граѓанското општество, Европската комисија би можела да размисли за формирање опсерваторија која ќе ја следи состојбата на бранителите на човековите права во ЕУ. Таква опсерваторија треба да се формира во консултација со граѓанското општество и релевантните постоечки механизми. Таа треба, како минимум, да ги следи ограничувањата на граѓанскиот простор и нападите и заканите против актерите на граѓанското општество. Исто така, треба да ја олесни размената на добри практики.

Земјите-членки на ЕУ треба да охрабруваат известување за дејствија против ГО и бранителите на човекови права. Понатаму, тие треба да осигурат дека таквите дејствија се соодветно евидентирани, истражени и кривично гонети.

# 3

# МИГРАЦИЈА: ЗАГРИЖЕНОСТ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА НА ГРАНИЦИТЕ НА ЕУ




***Многу од оние кои бараат меѓународна заштита или можности за работа не поседуваат валидни патни документи. Некои се обидуваат да стигнат до Европа по море со чамци кои не може да пловат. Во 2023 година, над 4 000 луѓе загинаа или исчезнаа на море, што е најголем број во последните 5 години. Со цел да се спречи нерегуларната миграција, државите градат повеќе огради и границите се повеќе се милитаризираат.***

***ЕУ воведува нови информациски системи за да ги олеснат граничните проверки. Продолжуваат тензиите меѓу националното законодавство кое го регулира пристапот до азил и правото на ЕУ, како и наводите за лош третман и други прекршувања на правата на границите. ГО кои им помагаат на мигрантите и бегалците се соочуваат со постојани предизвици.***

***ЕУ договори пакт за миграција и азил, преку кој процедурите за азил и враќање треба да станат побрзи и да се одвиваат во близина на границата. Некои објекти на границите се борат да понудат достоинствени услови за прифаќање на новодојдени лица. Пактот ќе воведе должност на државите да го следат почитувањето на основните права. Бидејќи ЕУ сега е членка на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција), институциите и агенциите на ЕУ ќе треба да преземат активности за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, во контекст на миграција, вклучително и на границите.***

***Ова поглавје се занимава со основните права на границите. Исто така се фокусира на надворешните копнени и поморски граници на ЕУ. Истото ги разгледува политиките пред пристигнувањето, самите гранични контроли и првичната обработка на луѓето кои влегуваат преку избегнување на граничните контроли.***

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 3.1

Земјите-членки на ЕУ треба да ги прегледаат и приспособат своите протоколи за пребарување и спасување врз основа на најдобрите практики со цел да спасуваат животи на море.

Кога се промовира усогласеност на финансирањето на ЕУ со основните права, Европската комисија треба да ги разгледа начините за поврзување на финансирањето за управување со поморските граници со усвојувањето и почитувањето на оперативните протоколи кои обезбедуваат навремена помош на луѓето во непосредна опасност на море.

Земјите-членки и Фронтекс треба колективно да обезбедат доволно соодветно опремени поморски средства да бидат распоредени во областите на отворено море, каде што анализата на ризик сугерира дека е поголема веројатноста да се случи потонување на бродови.

Над 4 000 луѓе загинаа или исчезнаа во обидите да стигнат до Европа по морски пат во 2023 година. Ова е највисоката бројка во последните 5 години. Правото на живот (член 2 од Повелбата и Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП)) носи експлицитна обврска на државите кои се законски обврзани да го почитуваат ова право на копно и на море. Земјите-членки на ЕУ имаат оперативни протоколи за пребарување и спасување, кои бараат постојан преглед со цел да ги одразат најдобрите практики и научените лекции. Бројот на пловни објекти распоредени за спасување на луѓе во неволја на море не одговара на потребите.

Намалувањето на бројот на загинати на море е сложено. Потребен е сеопфатен пристап, вклучувајќи ги сите релевантни држави, тела на ЕУ, меѓународни организации и други инволвирани страни. Сепак, постојат важни чекори што ЕУ и нејзините земји-членки може да ги преземат.

Земјите-членки преземаат засилени активности за контрола на нивните граници и за спречување на нерегуларната миграција. Некои мерки доведоа до произволност, правна несигурност, ограничувања на работата на граѓанското општество и неефикасна судска заштита од широко распространето кршење на правата на границите. Малку жртви имаат пристап до правдата преку ефективни правни лекови. Судската пракса на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) ги поставува условите потребни за правниот лек да биде ефективен во законот и во пракса. Во својот придонес кон извештајот на Европската комисија за владеење на правото, FRA укажува дека недостатокот на пристап до правда може да претставува ризик за почитувањето на владеењето на правото како основна вредност на ЕУ од член 2 од Договорот за Европската унија.

Во иднина, според пактот за миграција и азил, земјите-членки ќе имаат должност да воспостават независни механизми за следење на основните права за време на проверката на границите и се слободни да го прошират опсегот на таквите механизми на други аспекти. Во 2022 година, FRA издаде насоки за тоа како да се поставаат такви механизми.



## МИСЛЕЊЕ НА FRA 3.2

Земјите-членки треба да вложат засилени напори за заштита на основните права на мигрантите, бегалците и лицата кои бараат азил на границите. Тоа треба да се направи со навремено и ефективно испитување на сите наводи за кршење на основните права на границите и во сите инциденти со бродоломи. Понатаму, земјите-членки треба да ги почитуваат процедуралните барања утврдени од ЕСЧП.

Земјите-членки на ЕУ треба да воспостават или да ги зајакнат националните независни механизми за следење на почитувањето на основните права на нивните надворешни граници, врз основа на експертизата и насоките на FRA.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 3.3

Земјите-членки треба да се погрижат објектите што се користат за сместување на новодојдените на надворешните граници да нудат достоинствени и безбедни услови и да не водат до произволно притворање. Таквите капацитети треба да бидат дел од севкупниот здрав систем за управување со миграцијата со доволен капацитет за преместување на барателите на азил во редовни објекти, кога тоа е потребно. Системот, исто така, треба да има ефективни, хумани процедури за достоинствено враќање и да нуди функционални можности за интеграција за корисниците на меѓународна заштита.

Европската комисија треба земе предвид барање на независна проценка на влијанието на основните права, кога е потребно, за да се потврди усогласеноста со основните права на финансирањето на ЕУ во рамки на применливите инструменти на ЕУ.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 3.4

При оценувањето на усогласеноста на финансирањето на ЕУ со правото на ЕУ, земјите-членки и Европската комисија треба да ги земат предвид и стандардите утврдени во Истанбулската конвенција на Советот на Европа.

Во 2023 година, Истанбулската конвенција стана обврзувачка за самата ЕУ, а не само за оние земји-членки што ја ратификуваа. Правото на ЕУ веќе содржи одредби за заштита на жените на границите. Новите обврски дополнително ќе ги прошират тие одредби. Според заедничката одредба од регулативата (Регулатива (ЕУ) 2021/1060), кога земјите-членкиемјите-членки го користат финансирањето на ЕУ за поддршка на нивните политики за управување со границите, азил и враќање, тие треба да воспоставaт аранжмани за да се осигура дека програмите финансирани од ЕУ се усогласени со Повелбата и со Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост. Во својот извештај од 2023 година насловен *EU Funds – Ensuring compliance with fundamental rights* (Фондови на ЕУ – Осигурување усогласеност со основните права), FRA сугерира дека во иднина треба да се разгледа и Истанбулската конвенција.

# 4

# СПРОВЕДУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ПОВЕЛБАТА НА НАЦИОНАЛНО НИВО

***Пред среднорочниот преглед во 2025 година на спроведувањето на стратегијата на Повелбата за зајакнување на примената на Повелбата за основните права во ЕУ и 25-годишнината од прогласувањето на Повелбата, напорите за спроведување на стратегијата на Повелбата за 2020 година на национално ниво сè уште немаа структуриран процес и конкретни цели, како и пресвртници и временски рокови.***

***Повелбата продолжи да ги зајакнува средствата за поддршка на основните права во судниците, како што е потврдено од националната и европската судска пракса. Но, постојаните предизвици во пристапноста до правосудниот систем го попречуваа ефективно остварување на правата утврдени во Повелбата, особено за луѓето во ранливи ситуации.***

***Примената на Повелбата од страна на националните законодавци и власти заостанува зад онаа на судството. Посебна забелешка беше недоволната употреба на Повелбата од страна на регионалните и локалните власти. Земјите-членки полека усвојуваат политики и законски рамки за спроведување на „хоризонталниот овозможувачки услов“ поврзан со Повелбата за користење на фондовите на ЕУ. Сепак, останаа прашањата во врска со механизмите за жалби и учеството и потребниот капацитет на актери за основни права. Со оглед на тоа што националните институции за човекови права се некои од клучните советници на националните влади за прашањата за човековите права, за нив останува важно да развијат експертиза од Повелбата.***

***Благодарение на посветеното финансирање од ЕУ, особено преку програмата за граѓаните, еднаквост, права и вредности (CERV), се зголемија напорите за проширување на знаењето и експертизата за Повелбата. Сепак, постојат разлики меѓу земјите-членки, националните власти и професиите во степенот до кој се применува Повелбата.***

Наскоро се навршуваат 25 години од прогласувањето на Повелбата. Повелбата продолжува да се користи често на ниво на ЕУ, особено во судската пракса на Судот на правдата на Европската унија, но исто така и во законодавството и креирањето политики на ЕУ (на пр. видете ја алатката бр. 29 на Европската комисија и упатствата на Советот). Во 2025 година, Европската комисија ќе поднесе извештај за среднорочното спроведување на својата стратегија за 2020 година со цел зајакнување на примената на Повелбата за основните права во ЕУ.

На национално ниво, напорите за спроведување на Стратегијата на Повелбата сè уште немаат структурирана процедура и конкретни цели, пресвртници и временски рокови. Покрај тоа, Повелбата сè уште не е особено видлива во националното законодавство или во креирањето политики што спаѓа во опсегот на правото на ЕУ. Националните правила за проценки на влијанието сè уште експлицитно не упатуваат на Повелбата.

Во исто време, 25 земји-членки назначија фокусна точка за Повелбата, како што е предвидено во Стратегијата на Повелбата и поврзаните заклучоци на Советот на Европската унија. Воспоставувањето фокусни точки за Повелбата е важен прв чекор, бидејќи овие фокусни точки може да го насочат или помогнат процесот на спроведување на стратегијата на национално ниво. Сепак, повеќето од фокусните точки за Повелбата сè уште треба да ја најдат својата улога во националниот контекст со цел најдобро да придонесат за засилена примена на Повелбата на национално и локално ниво.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 4.1

Европскиот парламент, Советот на Европската унија и Европската комисија треба дополнително да развијат и ажурираат алатки кои гарантираат дека законодавството и креирањето политики на ЕУ се во целосна согласност со Повелбата. Тие, исто така, треба да ги зајакнат своите напори за промовирање на Повелбата низ ЕУ.

Земјите-членки на ЕУ се поканети да воспостават структуриран процес заснован на конкретни цели, пресвртници и временски рокови при спроведувањето на заклучоците на Советот на Европската унија.

Земјите-членки се поканети да го зајакнат капацитетот на нивните фокусни точки за Повелбата со соодветни човечки и финансиски ресурси за да им овозможат да ја подобрат координацијата и соработката со сите релевантни актери.

Земјите-членки треба да обезбедат дека влијанието на кој било законски предлог што спаѓа во опсегот на правото на ЕУ секогаш се оценува врз основа на принципите и правата на Повелбата. Покрај проверката на националните стандарди за човекови права и ЕКЧП, правилата за проценки на влијанието треба експлицитно да бараат ефективна проценка на Повелбата, имајќи го предвид толкувањето дадено на нејзините одредби од Судот на правда на Европската унија.



## МИСЛЕЊЕ НА FRA 4.2

Земјите-членки на ЕУ треба да се погрижат децата, жените, постарите лица, лицата со попреченост и етничките малцинства кои се во ранлива ситуација да имаат пристап до судски правни лекови и да бидат информирани за нивните процедурални права на пристапен начин, како што налага правото на ЕУ.

Правниците често се повикуваат на член 47 од Повелбата (право на ефективен правен лек и на правично судење). Дополнително, на политичко ниво, пристапот до правдата останува важна тема, како што беше потврдено од извештајот на Европската комисија за 2023 година за примената на Повелбата. Фокусот на извештајот во 2023 година беше на ефективна правна заштита и пристап до правда. Во согласност со претходните извештаи на FRA, истиот заклучува дека бариерите за пристап до правда остануваат. Тие вклучуваат недоволно обезбедување информации, особено за вонсудски правни лекови; практични тешкотии во користењето на решенијата за е-правда; недоволни аранжмани за следење на правата на детето во судски постапки; и различни степени на недостапност на правдата за ранливите групи, вклучително и на економска основа. Сето ова може да ги спречи заинтересираните страни да ги преземат правните лекови.

## МИСЛЕЊЕ НА FRA 4.3

Земјите-членки на ЕУ се охрабруваат да го користат или промовираат користењето на сите расположливи средства од ЕУ за обуки поврзани со Повелбата, особено CERV и програмите за правосудство. Тие треба да служат за подобрување на свеста за Повелбата кај јавните службеници во националните, регионалните и локалните власти.

Земјите-членки треба да обезбедат значајно учество на релевантните актери за основните права во процесот на следење на релевантните фондови на ЕУ и да обезбедат насочено финансирање за подобрување на нивниот капацитет и експертиза за следење.

Земјите-членки треба да се погрижат нивните механизми за поплаки во врска со користењето на фондовите на ЕУ да можат да го идентификуваат секое прекршување на Повелбата и да ја обезбедат потребната отштета.

Податоците на FRA за 2023 година укажуваат на позитивен тренд во однос на обуките за основни права. Сè повеќе, обуки за Повелбата се обезбедуваат не само за членови на судството, туку и за државни службеници, органите за спроведување на законот, граѓанското општество, персоналот на националните институции за човекови права (НИЧП), како и тела за еднаквост, новинари и студенти. Досега, се чини дека ваквите активности за обуки не ги вклучуваа соодветно регионалните и локалните власти. Сепак, програмата CERV и програмата за правда обезбедуваат можности за ко-финансирање на релевантни активности за обуки.

Важна област за експертиза за Повелбата е спроведувањето на фондовите на ЕУ опфатени со заедничките одредби од регулативата (Регулатива (ЕУ) 2021/1060). Регулативата ги обврзува земјите-членки да се погрижат да се почитува Повелбата при спроведување на фондовите на ЕУ. Исто така, им овозможува на НИЧП и телата за еднаквост, како и на ГО, да играат важна улога во следењето на почитувањето на основните права кога се користат фондовите на ЕУ. Извештајот на FRA за 2023 година *EU Funds – Ensuring compliance with fundamental rights* (Фондови на ЕУ – Осигурување усогласеност со основните права) откри прашања во врска со учеството на телата за основни права и граѓанското општество во процесот на следење, кои се чини дека немаат капацитет, ресурси и експертиза за Повелбата.






Годината 2023 донесе напредок, но и назадување во однос на заштитата на основните права. FRA's *Fundamental Rights Report 2024* (Извештајот за основни права 2024 на FRA) и разгледува главните случувања во ЕУ помеѓу јануари и декември 2023 година и ги прикажува мислењата на FRA за истите. Забележувајќи ги и достигнувањата и преостанатите области на загриженост, истиот дава увид во главните теми за обликувањето на дебатите за основните права низ ЕУ.

FRA EUROPEAN UNION AGENCY FOR FUNDAMENTAL RIGHTS

# ПРОМОВИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА ВАШИТЕ ОСНОВНИ ПРАВА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ЕУ —

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**За целосниот *Fundamental Rights Report 2024* (Извештај за основни права 2024) – видете https://fra.europa.eu/en/publication/2024/fundamental-rights-report-2024**

**Погледнете ги исто така поврзаните публикации на FRA:**

— FRA (2024), *Извештај за основни права 2024 – мислења на FRA*, Луксембург, Канцеларија за публикации, https://fra.europa.eu/en/publication/2024/fundamental-rights-report-2024-fra-opinions (достапен на сите 24 официјални јазици на ЕУ и на албански, македонски и српски јазик)

— Претходните годишни извештаи на FRA за предизвиците и достигнувањата на основните права во Европската унија остануваат достапни на веб-локацијата на FRA (достапна на англиски и делумно на француски јазик).

**FRA – АГЕНЦИЈА ЗА ОСНОВНИ ПРАВА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА**
Шварцерзенбергплац бр. 11 – 1040 Виена – Австрија
Т +43 158030-0 – Ф +43 158030-699
**fra.europa.eu**

facebook.com/fundamentalrights
linkedin.com/company/eu-fundamental-rights-agency
twitter.com/EURightsAgency

Publications Office of the European Union